Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 април 2023 година, дава

**РЕШЕНИЕ**
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Енологија", на Земјоделски факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Енологија", на Земјоделски факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.08-110/6 од 9.6.2022 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, достави Барање бр.0809-464/4 од 1.7.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-677/1 од 6.7.2022 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Енологија", на Земјоделски факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-677/2 од 7.7.2022 година формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 8.7.2022 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-677/3 од 12.7.2022 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Енологија", на Земјоделски факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.Скопје

**Бр. 41-1864/**
**5 април 2023 година**
**Скопје**

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Далибор Станојковски, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска, раководител на одделение |
| | Никола Пасков, раководител на одделение |
| Контролирал: | Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор |
| | Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор |
| Согласен: | Снежана М. Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата |